**Доц.Др. Назми МАЛИЌИ**
**Универзитет на Југоисточна Европа-Тетово**

# РЕГИОНАЛНАТА СОРАБОТКА И БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА - ДЕЛ ОД СТАНДАРДИТЕ ЗА ИНТЕГРИРАЊЕ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА И НАТО

## Вовед

Во објаснувањето на причините и на факторите кои ги определуваат појавите на корупцијата и пречките кои се појавуваат во борбата против неа, кај повеќето автори кои се занимаваат со оваа тема, се појавуваат различни мислења. Некои од нив, детерминантите на појавата и развојот на оваа појава ги бараат кај: политичкиот, економскиот, безбедносниот фактор на транзициониот институционален период, итн. Додека, пак, пречките во борбата против корупцијата ги гледаат во бирократизацијата на државниот апарат, партизацијата на државната администрација, судовите, непотизмот, итн.

И нашето општество, во сегашниот степен на развој, не е имуно од корупција како социопатолошка девијантна појава, што има негативен одраз не само во однос на поединците, туку и пошироко во одредени општествени односи, предизвикувајќи негативни општествени состојби. Затоа и се очекуваат ангажирања и резултати кои можат да ги постигнат државните институции: истражните органи, обвинителството и судовите, медиумите, невладините организации, кои треба да придонесат во успешното спротивставување на корупцијата се до нејзино искоренување или доведување во нормални рамки.

Од страна на голем број истражувачи на оваа појава со право се поставува и дилемата, зошто денес толку многу се зборува за корупцијата и на државно ниво, на локално ниво, и во однос на меѓудржавните односи, регионалната и меѓународната соработка. Имајќи во предвид дека оваа појава ги поткопува институционалните и моралните вредности, од сето ова се заклучува дека е повеќе од потребно да се дискутира за ова, да се прифатат правила, да се предложат конкретни концепти и стратегии за борба против корупцијата. Ефикасната борба против корупцијата треба да се заснова врз интересот за внатрешна институционална стабилност, потпирајќи се и врз имплементирањето на стандардите за интегрирање во Европската Унија и НАТО, каде што дел од стандардите се однесуваат и на искоренувањето на оваа девијантна појава.

## Регионалната соработка на Македонија во борба против корупцијата - дел од стандардите за интегрирање во Европската Унија и НАТО

Европската Унија и НАТО за да ги отворат вратите на државите за зачленување, промовираат еден нов начин - преку процесот на зачленување земјите-кандидати да ги исполнат универзалните Европски услови, стандарди и

вредности, како што се: *демократија, добри меѓуетнички односи, внатрешна стабилност, правна држава, почитување на човековите права, реформи во јавната администрација, во одбранбените и полициските структури, права на малцинствата, пазарна економија, регионална и меѓусоседска соработка, итн.*

Исто така, во контекст на борбата против корупција, во Организацијата на Обединетите Нации се донесени повеќе резолуции, кои се однесуваат на работата на царините, недозволената трговија со луѓе, итн. Токму поради тоа, Економската комисија на Организацијата на Обединетите Нации за Европа последниве години се посвети на борбата против корупцијата во државите во транзиција, бидејќи земјите од регионот се погоден простор за појава на корупција и на други девијантни појави. Во оваа насока како најзначаен инструмент се спомнува Конвенцијата против корупција донесена во 2003 година.

Европскиот Совет е вклучен во борбата против корупција уште од 1996 година со усвојување на Програма против корупција. Европскиот Совет ги донесе следниве значајни документи: „Казнена Конвенција против корупција„ (1999) и Упатството Р-10 за однесување на службеници (2000).

Корупцијата без сомнение како општествена болест, како и насекаде во светот, и на Балканот го попречува институционалниот развој. Според поднесените факти од страна на истражувачките институции, корупцијата се појавува во јавните претпријатија, во државната администрација, во судовите, училиштата, универзитетите, во приватниот сектор, во медиумите, итн. Повеќето автори што се занимаваат со оваа појава, констатираат дека корупцијата не е доволно да се оценува само од морален аспект (да се биде совесен) и преку изготвување на програми (кои не се имплементираат) и формирање на разни комисии (само заради формалност), туку, напротив, против неа треба да се бори од аспект на правна држава.

Со констатирање на степенот на корупција што произлегува од сондажите за корупцијата[1] со факти се оценува дека корупцијата ги поткопува односите на доверба спрема власта во земјите што имаат поднесено барање за зачленување во Европската Унија и НАТО. Имајќи ја предвид заинтересираноста за зачленување во Европската Унија, се поставува прашањето - колку се зборува јавно, која е институционалната линија, или, пак, која е транспарентноста против девијантните појави кои се однесуваат на корупцијата како пречка на интегративните процеси во Европската Унија и НАТО, кога станува збор за нивото на регионалната соработка на Македонија, Албанија, „Бугарија„[2], Косово, Србија и Црна Гора, и на останатите балкански земји. Сето ова не приморува да сфатиме дека за регионалната соработка на државите опфатени со корупција, освен внатрешната борба против корупцијата, од големо значење е и регионалната соработка во координирање на „институционалните активности во борбата против корупција„[3]. Токму поради ова,

---

[1] Од истражувањата на "Transpareny International", Македонија и Албанија се најкорумпирани во Европа (Падот на Македонија од 97-то место на 103-то, Хрватска се наоѓа на 75-то, а потоа следуваат Романија, Босна и Херцеговина, Србија и Црна Гора).

[2] Балкан "Biznis", страна 8, 24 октомври 2005, Скопје: „Преку банкарски и финансиски трансакции во Бугарија годишно се перат 300 милиони евра„.

[3] Институт за Демократија и Посредништво - Евро-Балкан Институтот, во заедничкиот Проект 2003-2004: „Изградба на Меѓугранична Доверба меѓу Албанија и Македонија„. Од поставеното прашањето: „Според ваше мислење, дали борбата против шверцот во пограничната зона може да се

имајќи ја предвид опасноста што произлегува од корупцијата, Европската Унија бара од земјите кои поднеле барање за интегрирање, во континуитет да се борат против корупцијата и организираниот криминал. За жалење е, што Балканските земји се оценуваат како место каде што цвета корупцијата, каде што минуваат патиштата на финансиски малерзации (перење на пари), каде што минуваат патиштата на дрога и оружје, на трговија со луѓе, итн. Според голем број на податоци, корупцијата сега веќе се претвора во организиран криминал, заради што и се предлагаат иницијативи врз основа на голем број меѓународни документи, кои што можат да се имплементираат и од Пактот за Стабилност на Југоисточна Европа, од програмата на Европската Унија - КАРДС, посебно точките кои се однесуваат на искоренување на корупцијата во рамките на државите, но и на поттикнување регионална соработка и содејство против оваа појава.

Доколку ги анализираме политичките, економските и безбедносните околности, како и интегративните политики на Балканските држави, се поставува прашањето - дали борбата против корупцијата може да биде успешна, ако имаме предвид дека овие држави се уште не можат да излезат од обвивката на транзициониот период или на законската консолидација. Доколку се потпреме на Студијата на Светската Банка и Европската Банка[4], засигурно можеме да ја констатираме потребата од безкомпромисна борба против корупцијата преку концентрирани активности во пет области:

- Политичка одговорност, да биде јавна и транспарентна;
- Засилување на државните институции: парламентот за јавна одговорност; независното судство и судии во вистинско остварување на мерки и казни; на

подобри", од анкетираните произлегоа следниве резултати: Повеќето од анкетираните (70 од вкупно 137) **како прв избор** за поефикасна борба против шверцот го набележале професионализмот на пограничните власти, проследено со подобрување на комуникацијата помеѓу пограничните структури на двете земји (22). Треба да се нагласи дека мнозинството од сите професионални групи мислат дека професионализмот на пограничните структури е најефикасниот начин за борба против шверцот. Ова важи и за возрасните групи, особено за оние од 40-49 години, (27 од вкупно 36). Според етничката припадност, нема разлика, затоа што повеќе од половината анкетирани во секоја група се на исто мислење за потребата од професионализам.

За вториот избор одговорите се вака распределени: 33 од анкетираните се за подобрување на комуникацијата помеѓу структурите на двете земји; 23 се за подобро подредување на работите меѓу структурите на пограничната безбедност на двете земји; 21 се за поригорозен правен систем. Подобрата комуникација на пограничните структури на двете земји, е втор најчест избор за цариниците (10 од 27) и претставниците на политичките партии (9 од 11). Што се однесува до возрасните групи, најголемо интересирање за подобрување на пограничната комуникација покажуваат оние од 30-39 години (12 од 47), и оние од 40-49 години (12 од 36). И во етичкиот критериум, и Македонците и Албанците како втор избор го избрале подобрувањето на комуникацијата. Бројот на анкетирани кои што не одговориле изнесува 12.

Како трет избор во одговорите, повеќемина го ставиле зголемувањето на ефикасноста и ригорозноста на правниот систем. Овој избор го преферираат претставници на политичките партии (9 од 21), и претставници на полицијата (10 од 37), како и од возрасните групи од 20-29 години (10 од вкупно 32), и од 40-49 години (12 од вкупно 36). Додека распоредот на третите одговори според етничкиот критериум е: 26 Македонци бараат поригорозен судски систем, додека од 36 Албанци, 9-мина ја нагласиле потребата од паралелно или заедничко патролирање на границата. Во 16 случаи нема трет избор како последица на лошо разбирање на прашањето.

[4] V. стр. XXX -XXXI, Вовед и 74-78 - Акт на Проучување SB 2000

Владата и јавните служби - никогаш да не им недостасува финансиска контрола и на јавното богатство;

- Активности на граѓанското општество во јавниот живот и улогата на медиумите во јавните работи, кои треба да шират информации за корупцијата, да предлагаат акции, да организираат јавни соочувања, тука посебно се потенцираат независните медиуми со нивната истражувачка работа со посебна улога во борбата против корупција;
- Изградба на успешен приватен сектор со транспарентност во однос на богатството и нивните деловни работи;
- И на крај, во оваа студија се нагласува дека борбата против корупција претставува неопходност за реформи во јавната администрација која треба да се повикува на правилата на надзор преку ревизори за нивната финансиска работа, да се создаде јавна администрација потпрена врз правилата на заслуги, значи, со способни службеници, со високи професионални способности и да бидат добро платени.

Сигурно е дека без поддршка на издржливи препораки од страна на Светската банка и Европската банка, препораки кои имаат и регионална дестинација, и борбата против корупција може да биде многу побледа. Кога станува збор за евроатлантските интегративни процеси, сега се поставува една дилема, дали државите од Балканот може да се повинуваат на интегративните стандарди за да бидат успешни во борбата против корупцијата. Препораките на гореспомнатите Банки на почетокот им беа упатени само на Хрватска и Босна и Херцеговина, но овие препораки подоцна беа наменети и на останатите земји од Балканот. Овие препораки беа засновани врз конкретни активности:

- Избор на некорумпирани луѓе;
- Зацврстување на одговорноста;
- Промовирање на заедничка акција со целиот човечки и технички потенцијал во борбата против корупција;
- Поттикнување на транспарентност во однос на финансирањето на политичките партии во изборната кампања;
- Целосна изградба на економските реформи;
- Создавање на одржлив потенцијал со граѓанските општества како многу значаен фактор во давањето информации за корупцијата и борбата против оваа девијантна појава.

Овие препораки кои бараат примена, ја потврдуваат убеденоста дека корупцијата не познава граници, се прелева од една во друга земја, или, пак, одржува постојани врски преку заедничката цел на реципрочен интерес или, пак, на меѓузависност. Од сето ова често пати се поставува дилемата - на каков начин Европската Унија и НАТО ќе влијаат врз борбата против корупцијата во Балканските земји кои еден ден претендираат да станат членки на Европската Унија и НАТО.

Во тековите на активностите на регионалната соработка, без сомнение дека значајно место има и Иницијативата против корупција на Пактот за Стабилност на Југоисточна Европа, во која уште на самиот почеток се потенцира одлучната борба

против корупцијата на сите нивоа, вклучувајќи ја и борбата против корупцијата на меѓународно ниво, борбата против организираниот криминал, за да се преземат ефикасни мерки потпирајќи се врз постоечките меѓународни акти: Актите на Советот на Европа, на Европската Заедница, на Европската Организација за Регионална Соработка и Развој, на Организацијата на Обединетите Нации и на силите за преземање финансиски акции против перењето пари. Преку оваа иницијатива државите-членки на Пактот за Стабилност на Југоисточна Европа, почитувајќи ги меѓународните обврски и стандардите кои се однесуваат на зачленувањето во Европската Унија, се согласуваат да ги преземат следниве активности:

- Имплементирање на меѓународните акти и оние на Европската Унија;
- Промовирање на добро владеење и адекватна државна администрација;
- Зацврстување на законитоста и промовирање на владини закони;
- Промовирање на транспарентност и чесност во деловните активности.

Во континуитетот на борбата против корупцијата во обем на регионална соработка ќе се елиминира сфаќањето дека корупцијата во балкански околности е вообичаена активност. Ова убедување уште повеќе ќе ја зацврсти борбата против корупцијата и во рамките на меѓународните организации кои се присутни со свои мисии, или, пак, со своите активности дејствуваат во Балканскиот регион. Доколку не се случи така, тогаш ќе се создаде впечатокот дека корупцијата е појава со „важност„.

Во овој дел од рефератот, ќе потенцирам уште една многу значајна иницијатива на регионалната соработка, што може да послужи како форма против корупцијата. Охридската Конференција за безбедност на границите, одржана на 22 и 23 мај 2003 година, а организирана од страна на Европската Унија, НАТО, ОБСЕ и Пактот за Стабилност, каде што без сомнение се направени првите чекори, убедливо ги постави насоките врз кои границите на државите на Западен Балкан: на Македонија, Албанија, Косово, Србија и Црна Гора, Босна и Херцеговина и на Хрватска, треба да бидат по примерот на границите на западните држави, повинувајќи се на транспарентност и цивилна и демократска контрола на границите. Треба да се проучат принципите и политичките цели на документите кои станаа познати од оваа конференција за: *Отворени, но безбедни граници во согласност со европските стандарди; Унапредување на стабилизацијата во регионот; За една поголема блискост со НАТО и Европската Унија; Развој на националните стратегии за интегративно управување за координирање на активностите за спречување на илегалната трговија; Демократска контрола во однос на безбедносните погранични структури, итн.* Овие принципи засновани врз овие проекти, се подразбираат како такви кои се стремат, наместо конфронтации, и меѓудржавни неразбирливи инциденти, на место граници кои го овозможија организираниот криминал, да ја вклучи балканската погранична соработка во рамките на интегративните процеси кон НАТО и Европската Унија, да им се даде предност на пограничните билатерални договори и да се создадат меѓусоседски и регионални спогодби за слободно движење. Сега со право може да се постави прашањето - кој е успехот на борбата против корупцијата, доколку Балканските

држави, вклучувајќи ја и Македонија, се придржувале на гореспомнатите стандарди.

### Ограничување на организираниот криминал

Организираниот криминал не познава граници. Криминалистичките организации од ваков тип се обидуваат да се вклучат во постоечкиот систем на државната власт. Досега во кривично-правната и криминалистичка литература не постои некоја општоприфатена дефиниција. Носителите на организираниот криминал, својата активност ја реализираат така што преку вклучување на свои луѓе во највисоките органи на власта, и корумпирајќи разни функционери, создаваат поволен простор за нивните активности (ова може да се случи особено во малите земји). Така, постојат разни обиди, секој за себе да воспостави одредени елементи. Според Спасевски, за да се разбере правилно актуелниов проблем, треба да се истакнат следниве елементи: Прво, дескриптивното одредување на организираниот криминал може да се прикаже преку нагласување на следниве негови карактеристики:

- организирање на група за извршување кривично дело;
- хиерархиски односи во група овозможувајќи му на нејзиниот раководител да ја контролира;
- закани со сила и корупција како средство за реализирање профит или за контролирање на пазарите;
- перење на постигнатиот профит на нелегален начин и инфилтрирање во легалната економија;
- способност за експанзија во било која активност надвор и во рамките на националните граници;[5]

### Кои се последиците од корупција

Тешката економска состојба ги заострува уште повеќе социјалните односи во земјата, посебно кога ќе се забележи како разни функционери или раководители се присутни со своите злоупотреби во разните раководни структури, при што од аспект на поединец оправдано се создава реален впечаток дека овие околности добиваат насоки на организиран криминал од страна на самите политички елити. Ова се случува особено тогаш кога делови од државните структури во кризни или конфликтни ситуации ја гледаат шансата за профит и бришење на трагите на злоупотреба или на криминал. Без оглед на тешките околности, во кои се најдоа Балканските земји, нивните влади играат негативна улога, каде што во некои случаи профитираат од овие настани како во политички, така и во финансиски поглед. Во тој контекст и за Македонија имаше оправдани жалби, во голем број на случаи дека во кризни ситуации имаше појави кои заличуваа на економски криминал, односно дека имаа карактер на непочитување на меѓународните Конвенции за такви ситуации. Се разбира последиците од ваквото однесување

[5] Нагласено според експозето на В.Камбовски „Правна држава и организираниот криминал„ цитирано според Ј.Спасевски - П.Аслимовски „Безбедност, одбрана, безбедност„ стр.90, Коста Абраш, Охрид, 2000.

создадоа основа за корупција и во времето по конфликтот па се до денес, а што со големи потешкотии се отстрануваат.

Овие негативности придонесоа една одредена категорија на населението да падне во морална криза, да се појават разни трауми кај еден слој на населението, да произведе социопатолошки и други психолошки ефекти. Ваквите околности не можеше а да не влијаат врз нашиот граѓанин, имајќи ги во предвид и другите фактори, како што се: семејна, лична и јавна несигурност, безперспективност итн. Бидејќи последниве години се зголемува бројот на семејства со социјална несигурност (посебно во регионите опфатени со воената криза[6]) се зголемува бројот на невработени, додека од друга страна има државни и локални службеници, кои менувајќи ги функциите од година на година, со разни манипулации, предизвикуваат несигурност. Без сомнение дека ваквите однесувања влијаат врз создавањето на морални кризи кај обичниот граѓанин. Овие граѓани ќе го изразат својот револт со негативно однесување и еден ден тие ќе го променат „нормалниот тек„ на општествениот поредок [7].

**Спречување на организираниот криминал**

Организираниот криминал[8] и натаму останува грижа со која се соочуваат и многу поорганизирани држави отколку што е Република Македонија и останатите западно-балкански држави, имајќи во предвид дека корупцијата навлегла во многу сегменти на општеството и што, пак, преминува на ниво на организиран криминал, онака како што е дефиниран и од страна на експертите во оваа област, посебно на ИНТЕРПОЛ. Организираниот криминал, како дејствување на секоја организирана група, има за цел да реализира голем финансиски профит на илегален начин, без да ги почитува во повеќето моменти и меѓудржавните граници и законските регулативи во рамките на државите каде што ги имаат и своите почетоци. Главна цел на овие групи е корумпирање на поединци кои имаат функции во разни државни структури. Ова последново се здоби со најголеми димензии, користејќи го големиот профит и влијанието за доминација, со цел обезбедување на своја хиерархија од нивно откривање и гонење. Организираните криминални групи поседуваат големи количества финансиски средства, кои можат да влијаат врз малите земји во транзиција. Овој вид на криминал може да се вброи и во социо-патолошките појави, бидејќи се заканува на моралниот интегритет на луѓето, кои се научени да живеат чесно во согласност со нормите што им ги дозволува законот.[9]

Со цел да добиеме појасна слика како и можност за превенција и спречување на организираниот криминал, ќе ги искористиме предлозите на проучувачите на

---

Во Република Македонија денес се регистрирани над 82 илјади семејства на кои им недостасуваат елементарни нешта. Семинар одржан во Гостивар на тема Основите на законот за локална самоуправа, организиран од Демократскиот клуб и Фондацијата Фридрих Еберт, Гостивар, март, 2003.

[7] Државен завод за статистика - извештај за бројот на невработените во Македонија. (Коха Диторе, стр. 1, Скопје, 30 септември 2005)

[8] Зами Пода, Организиран криминал, Универзитетска книга, Тирана, 1998

[9] Назми Малиќи, Шпаљосје, стр. 86, IADC- Демократски Клуб, Скопје, 2001

оваа проблематика, [10] меѓу кои и на Сулејманов, кој меѓу другото, вели: Со цел да се зацврсти спречувачката-превентивна страна на организираниот криминал и на корупцијата како значајно надополнување на репресивната политика во оваа област, треба да се направи:

- изработка на програма за правни, административни и културни иницијативи за борба против корупцијата;
- формирање на внатрешно и меѓународно тело за елиминирање на корупцијата;
- заострување на казнената политика за одредени форми на корумптивно однесување;
- кадровско, материјално и техничко засилување на службите за борба против организираниот криминал во Министерството за внатрешни работи (судовите и во сите сегменти на државната администрација) како можност за нивна специјализација во земјата и во странство;
- ставање на процедура за конфискација на стекната стока преку организиран криминал, корупција и перење пари;
- нормативно регулирање[11] на можноста за трансформирање на појавениот товар за преземање на стоката како резултат на кривично гонење на оние лица кои биле осудени за рекетирање и други незаконски дела;
- функционирање на финансиска полиција за добро и легитимно менаџирање на трговското и финансиското работење и развојот на механизми за соработка во спречување на корупцијата.

Доколку не постојат реални обиди за да се спречат активностите против корупцијата и организираниот криминал во Македонија[12] тоа, без сомнение, ќе биде уште едно чувство на институционална неодговорност за оние кои што се втурнале во политиката. Сигурно е дека овие напори ќе бидат многу поуспешни доколку во државните структури не се инволвирани поединци што ја потпомогнале оваа појава. Успешното дејствување против организираниот криминал ќе биде во согласност со стандардите што ги нуди Советот на Европа и Европската Унија, како и заштитните механизми што се нудат од страна на структурите на НАТО за борба против криминалот, организираниот криминал со оружје, против организираниот криминал на шемите на движење и перење на пари, против шверцот со наркотични средства, против трговијата со „бело робје„ итн.

---

[10] Сулејманов З, Стојановски Н, Социјална патологија, Југореклам, Скопје, 2002

[11] Монока Маковеи, Правото на слобода и сигурност на личноста, Советот на Европа,Скопје, 2002

[12] Слаѓана Тасева, членка на Државната антикорупциска комисија за дневниот весник „Љајм„ изјави дека „Во Македонија нема борба против корупцијата„. Ова мислење го образложува велејќи дека „Што се однесува до мерките и активностите што сме ги предвиделе, законите што сме ги усвоиле, основаните институции против корупцијата, ние сме лидери во регионот и пошироко. Проблемот е во тоа што немаме конкретна ефикасност„-изјави Тасева. Таа, меѓу другото, предлага „Владата, заедно со сите компетентни органи да создаде услови сето тоа што е предвидено на хартија, да се примени во пракса„. (Весник „Љајм„ стр.2, Скопје, 22 октомври 2005)

**Заклучок**

За државите во транзиција, каде се уште се вбројуваат сите држави од Западен Балкан, постојат реални оценки дека финансиските средства во најголем број на случаи се наоѓаат во рацете на луѓето што имаат валкан бизнис, вклучени во криминални игри, кои прават сериозни обиди да влијаат и врз политичките текови, што, пак, во голема мера им се заканува на преземените активности за внатрешна стабилност, а од друга страна ги елиминираат критериумите на вредностите за квалитетна конкуренција. Овие знаци на организиран криминал може да се воочат во политиката, економијата, културата, образованието, итн.

Во денешно време, имајќи ја предвид правната нормативна рамка на Република Македонија, која треба да се усогласи со правните норми на НАТО и Европската Унија, разбирајќи ги унапредувањето на демократијата и заштитата на човековите права како фундамент на политиката за создавање на стабилност во Балканскиот регион, во присуството на проектите за проширување на НАТО и Европската Унија во Југоисточна Европа, со барање за интрегрирање на Република Македонија во овие евроатлантски структури, меѓу стандардите што треба да се исполнат за интегрирање во НАТО и Европската Унија е и борбата против организираниот криминал. Меѓународното набљудување преку едно соодветно тело на Организацијата на Обединетите Нации, или, пак, на Советот на Европа, на Европската Унија, НАТО, ОБСЕ, е повеќе од потребно во сегашните околности, имајќи го во предвид коруптивното ниво во кое се наоѓа Балканот

Борбата против организираниот криминал треба да биде законска активност на владините структури во Република Македонија и на останатите субјекти во земјата, и во соработка со структурите на НАТО и на Европската Унија треба да добијат вистинско значење во борбата против криминалот, активност која најнеопходно треба да се издигне и на ниво на регионална соработка или координација со соседните земји, каде што оваа појава е многу присутна, бидејќи се уште не го достигнале нивото на внатрешна државно институционална консолидација.